Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), Градоначалникот на Општина Гевгелија на ден 02.02.2021 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-2216/1 од 03.10.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-730/1 од 23.04.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-1576/1 од 26.10.2018 година и Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-187/1 од 24.1.2020 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-485/1 од 25.2.2020 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-1013/1 од 23.06.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-1622/1 од 28.10.2020 година.

**Член 2**

Во Глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА во општинската администрација на општина Гевгелија, во точка 1.Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, во потточка 1.2.Одделение за комунални работи и локални патишта, работното место со реден број „13.Назив на работно место – Советник за евиденција и контрола на сообраќајната сигнализација“ се брише.

**Член 3**

Во Глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА во општинската администрација на општина Гевгелија, во точка 2.Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот, во потточка 2.2.Одделение за стручно-административни и општи работи, работното место со реден број „27.Назив на работно место – Советник за контакт со граѓаните“ се брише.

**Член 4**

Во Глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА во општинската администрација на општина Гевгелија, во точка 3.Сектор за финансиски прашања, во потточка 3.1.Одделение за финансиски прашања, во работното место со реден број „42.Назив на работно место – Советник за буџетска координација“, во делот Вид на образование, по зборовите „Економски науки“ се додаваат зборовите „Организациони науки и управување (менаџмент).

**Член 5**

Во Глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА во општинската администрација на општина Гевгелија, во точка 3.Сектор за финансиски прашања, во потточка 3.2.Одделение за локални даноци и такси, работното место со реден број „52.Назив на работно место – Даночен книговодител“ се брише.

**Член 6**

Во Глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА во општинската администрација на општина Гевгелија, во точка 4.Сектор за јавни дејности и локален економски развој, во потточка 4.3.Одделение за локален економски развој и прекугранична соработка, во работното место со реден број „68-а.Назив на работно место – Помлад соработник за изработка на проекти од областа на локален економски развој“, во делот Број на извршители, бројот „1“ се заменува со бројот „3“, а во делот Вид на образование, зборовите „Правни науки“ се заменуваат со зборовите „Туризам и угостителство“.

**Член 7**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 5.Одделение за инспекциски работи - Инспекторат, во работното место со реден број „72. Назив на работно место - Овластен градежен инспектор“, во делот Број на извршители, бројот „1“ се заменува со бројот „2“.

**Член 8**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 5.Одделение за инспекциски работи - Инспекторат, во работното место со реден број „75. Назив на работно место – Комунален редар“, во делот Број на извршители, бројот „2“ се заменува со бројот „3“, а делот Вид на образование се менува и гласи „Вишо или средно образование“.

**Член 9**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 5.Одделение за инспекциски работи - Инспекторат, работното место со реден број „77. Назив на работно место – Даночен извршител“ се брише.

**Член 10**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија, како составен дел на Правилникот.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко опоштество и администрација.

Бр.01-250/1
02.02.2021 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија

***м-р Сашо Поцков***